**<u>Образец бр. 2</u>**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

Со предложениот Закон за трговија на зелените пазари се овозможува регулирање на статусот на лицата кои вршат трговија на зелените пазари, уредување на условите, начинот и постапката на вршење на трговија на зелените пазари, воспоставување поедноставена постапка на регистрација, со што ќе е овозможи воспоставување на правна законска рамка одделни активности кои досега се вршеа на зелените пазари од страна на пазарџиите и беа дел од сивата економија, нелегалната трговија и нелојалната конкуренција да се стават во правна рамка и законски да се уреди предметната област .

Оттука,донесување на нов закон кој ќе ја регулира предметната област односно сите активности кои се иницираат со предлог законот, се очекува да овозможат поддршка на сузбивање на сивата економија, нелојалната конкуренција и нелегалната трговија. .

Основните решенија на предлог законот содржат решенија кои се однесуваат на уредување на условите , начинот и постапката на вршење трговија на зелените пазари,воспоставување поедноставена постапка на регистрација, прецизирање на обврската за плаќање согласно прописите за даноци .

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Основни цели се, со донесувањето на овој закон да се овозможи преку воспоставување на правна законска рамка подобрување на статусот на оваа категорија на трговци на зелените пазари. одреден напредок во сузбивање на сивата економија, нелојалната конкуренција и нелегалната трговија како и регулирање на работниот статус на оваа категорија трговци на зелените пазари, согласно постоечкото законодавство во областа на работнте односи.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

Решенијата се во насока на:

1. Реглирање на правниот статус на лицата кои вршат трговија на зелените пазари , уредување на условите, начинот и постапката на вршење на трговија на зелените пазари. .

2.Дефинирање на начинот на плаќање на паушалот за оставрен приход од вршење трговија на зелени пазари.

3.Се определува Министерството за економија како надлежно за подготовка на Закон за трговија на зелените пазари .

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Предлог на Закон за индустриски зони.

**Опис:** Содржината на Законот е систематизирана во вкупно 23 членови.
Со член 1 , 2 и 3 од овој Предлог закон се прецизира предметот на овој закон, односно со истиот се уредуваат условите и начинот на вршење на трговија на зелените пазари, како и дефинирање на поимот трговија на зелен пазар кој опфаќа продавање и купување на стоки на организиран зелен пазар како и давање на услуги. Со членот 3 од Предлог законот, утврдена е правна рамка за категорија на лица кои можат да бидат продавачи на зелените пазари .
Со член 4 е регулиран начинот на вршење на трговија на зелените пазари, така што прецизирано е кои категории на трговци може да вршат продажба на производи на зелените пазари , и субјекти кои се исклучени од продажба на зелените пазари, а тоа се трговските друштва , другите трговци поединци и занаетчиите , чии стоки може да ги продаваат само трговците на зелените пазари и трговците поединци регистрирани за вршење на единствена дејност-трговија на зелен пазар, врз основа на склучен договор за трговија на зелен пазар. Исклучена е продажбата на земјоделски производи производ кои се набавени од лица кои произведуваат земјоделски производи за свои лични потреби и потребите на своето семејство. Земјоделски производи може да продаваат трговците доколку тие производи им припаѓаат на физичките лица чие работење не ја надминува земјоделската дејност од помал обем, и се запишани во регистарот на индивидуални земјоделци. Регулиран е и начинот на одговорност за предизвикување на штетата.
Со член 5 и 6 од Предлог законот, се регулира начинот на водење на евиденција на зелените пазари.
Со член 7 од Предлог законот, дефинирани се условите кои трговците мора да ги исполнуваат на зелените пазари.
Со член 8 од Предлог законот, дефинирана е постапката за регистрација на трговец на зелен пазар , со што се овозможува стекнување на статус на трговец.
Со член 9 од Предлог законот , прецизирани се посебните должности на продавачите на зелени пазари,.
Со член 10 од Предлог Законот, прецизирани се посебните должности на организаторите на зелени пазари, кои меѓу другото пред започнување со работа на зелениот пазар се должни да го известат Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи.
Со член 11, 12 , 13, 14 и 15 од Предлог законот, прецизирани се посебните елементи на договорот кој се склучува меѓу организаторот на пазарот и продвачот на зелениот пазар, како и причините за привремено запирање со работа на продавачот .

Со член 16,17,18,19 и 20 од Предлог законот ,пропишани се прекршочни санкции во скучај на непридржување на пропишаните одредби од овој закон.
Со член 21 од Предлог законот се прецизира надзорот над примената на прописите, кој го врши Министерството за економија, а инспекцискиот надзор го врши Државниот пазарен инспекторат.
Во член 22 од Предлог законот. содржани се одредби за роковите на усогласување на организаторите на зелени пазари како и лицата што сакаат да продаваат на зелените пазари со одредбите на овој закон.

1. **Трошоци**

За спроведување на Законот што се предлага не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.
Спроведувањето на законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

  **НЕ**

  Основачот на зоната може од понудувачот да наплати надомест за издавање на тендерската документација, поднесување на банкарска гаранција или депонирани средства за учество во постапката.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Со предложениот закон преку воспоставување на законска правна рамка за оваа категорија на трговци на зелените пазари, се очекува да се зголеми самовработувањето и прилив на средства со плаќање на паушалот за оставрен приход од вршење трговија на зелени пазари .

.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

.

3. **Ризици и претпоставки**

   Главна придобивка за донесување на Предлог Законот за трговија на зелените пазари е воспоставување на законска правна рамка и подобрување на статусот на оваа категорија на трговци на зелените пазари.

   **Главен ризик од недонесувањето на Предлог Законот**

   Да остане нерегулирана работата на оваа категорија трговци на зелени пазари, со нерешен статус,нерегистрирани, што оди во прилог на сива економија, нелегална трговија и нелојална конкуренција во однос на другите трговци.

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

   Александар Поповски, Раководител на сектор за правни работи
   т. 3093 491
   e-mail aleksandar.popovski@economy.gov.mk

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

   Анче Трифунов, Државен секретар

   т.3093 404

   e-mail ance.trifunov@economy.gov.mk

   Александар Поповски, Раководител на сектор за правни работи
   т. 3093 491
   e-mail aleksandar.popovski@economy.gov.mk

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас Valon Saraqini изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Valon Saraqini:

.............................................................................. Датум:20.06.2012 год.